**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на заедничка контрола од Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ, Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје, Република Северна Македонија над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-60 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), на ден 10.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје, Република регистрирано седиште на ул.Скупи бр.3А Скопје стекнуваат заедничка контрола над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје.по пат на купопродажба на удели.-

**-Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија**. Друштвото е регистрирано за дејност на трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. Друштвото преку поврзано лице врз кое има 100% сопственост врши трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива во Република Северна Македонија, и тоа:

**-Друштво за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец** со седиште на ул.4 бр.100 , Ржаничино Петровец, Република Северна Македонија кое е регистрирано за дејност Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи, односно врши трговија на големо со нафта и нафтени деривати на пазарот во Република Северна Македонија согласно лиценца од Регулаторна Комисија за енергетика.

**-Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД** Скопје со седиште на ул.Скупи бр.3А Скопје. Акционерското друштво е со регистрирана дејност-Управувачки дејности. Друштвото е сопственик/сосопственик врз следните правни лица:

- 100% сопственост врз Градежно трговско друштво БЕТОН ШТИП ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 117 Штип, со регистрирана дејност – Изградба на станбени и нестанбени згради;
- 100% сопственост врз Друштво за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи р. 3А Скопје, регистрирана дејност Изградба на станбени и нестанбени згради;
- 100% сопственост врз Друштво за производство, трговија и услуги КАРА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг);

- 100% сопственост врз Друштво за производство, трговија и услуги МОНТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност Производство на друга горна облека;
- 100% сопственост врз ПЗУ – Центар за дијализа НЕФРОПЛУС Ккавадарци, со седиште на ул. Шишка бр. 1 Кавадарци, со регистрирана дејност Дејност ина специјалистичка медицинска пракса;
- 100% сопственост врз Друштво за градежништво, трговија и услуги О.К. ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност Хотели и слични објекти за сместување;
- 100% сопственост врз Друштво за реклама, маркетинг, трговија и услуги О.К. ИДЕА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност Агенција за маркетинг;
- 100% сопственост врз Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност Огласување преку медиуми;
- 100% сопственост врз Друштво за угостителство, трговија и услуги О РЕСТОРАНТС & БАРС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Аминта Трети бр. 29 Скопје, со регистрирана дејност Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна;
- 100% сопственост врз Агенција за обезбедување на имоти и лица ОК СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност Дејности на приватна заштита;
- 100% сопственост врз Друштво за транспорт, трговија и услуги ОК ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност Товарен патен транспорт;
- 100% сопственост врз Друштво за хотелиерство и туризам ОРКА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 55 Скопје и регистрирана дејност Хотели и слични објекти за сместување;
- 100% сопственост врз Друштво за хотелиерство и услуги ПАНОРАМА РЕЗИДЕНС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје и регистрирана дејност Изградба на станбени и нестанбени згради;
- 100% сопственост врз Фондација Илија Камчев Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје и регистрирана дејност Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место;
- 47% сопственост врз ПЗУ во мешовита сопственост Клиничка болница АЏИБАДЕМ СИСТИНА Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 5А Скопје и регистрирана дејност Дејности на болниците.

**-Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО** Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје. Друштвото е регистрирано со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради

Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје поседуваат по 50% од уделите во Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје, а со тоа имаат и заедничка контрола врз ова друштво.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

26.03.2025 година

Скопје